# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ СО „НОВИНАРСКА ЕТИКА” ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р АНДОН МАЈХОШЕВ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1602-40/11 од 29 јануари 2014 г., на 97. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет одржана на 28 јануари 2014 година е избрана Рецензентска комисија во состав:

- доц. д-р Сузана Џамтоска-Здравковска, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
- доц. д-р Страшко Стојановски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „**НОВИНАРСКА ЕТИКА**” од доц. д-р Андон Мајхошев, наменет за студентите на прв циклус студии на студиската програма Новинарство и односи со јавноста на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правниот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот.** Учебното помагало - скрипта „Новинарска етика” од доц. д-р Андон Мајхошев претставува континуирана заложба на авторот да ја оформи потребната литература за предметот Новинарска етика, наменет за студентите на прв циклус студии на насоката Новинарство и односи со јавноста на Правниот факултет. Скриптата е подготвена за потребите на студентите на студиската програма Новинарство и односи со јавноста и таа ги содржи сите предвидени содржини што се опфатени во предметната програма Новинарска етика, застапена во прва академска година, втор (II) семестар, со неделен фонд на часови (2+2+1).

**Податоци за обем на ракописот**. Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 123 страници, од кои 120 страници основен текст и три страници во кои се поместени 52 релевантни библиографски единици, од монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници, во најголем дел странска литература што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. Исто така, во трудот се користени најважните меѓународни и регионални акти на ООН, Советот на Европа и ЕУ, кои се тесно поврзани со човековите права од аспект на новинарската професија. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд *Arial*, големина на буквите е 12. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**. Скриптата е напишана на оригинален начин и во неа е поместена речиси целокупната проблематика од етиката во новинарството. Трудот претставува симбиоза на теоријата и практиката, односно научен материјал со висок квалитет, кој може да се примени за стекнување на широки знаења од доменот на новинарството и новинарската етика, како за студентите, така и за пошироката јавност. Во таа смисла, скриптата како учебно помагало претставува основен едукативен пишан стручен материјал, приспособен на потребите за образование и едукација во областа на новинарската етика. Затоа сметаме дека оваа скрипта е од извонредно значење, како од теоретски, така и од практичен аспект.

**Краток опис на содржината**. Од содржински аспект, скриптата е концепирана во два дела и тоа: првиот дел, освен тоа што претставува општ теоретски дел за етиката и моралот, содржи и нормативно-правни аспекти кои се во функција на квалитено изучување на проблематиката што се обработува. Вториот дел е тесно поврзан со практичните аспекти на новинарството и се однесува на етичките аспекти на новинарската професија. Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина.

Во **првиот, односно теоретскиот дел** од скриптата се разработени поимот, дефиницијата, видовите на етиката и моралот, нивната разлика, основните форми на манифестирање на моралот, разликата меѓу правото и моралот и друго. Исто така, во овој дел се опфатени и основните етички категории (добро и лошо, вредностите, должноста, толеранцијата, религиозните извори на етиката (христијанството, исламот, јудеизмот, будизмот). Во продолжение авторот се фокусирал на историскиот развој на етичките учења од најстаро време до денешен ден.

Секако, авторот неодминливо се осврнува и на односот на етиката и човековите права, односно етичкиот концепт на човековите права преку историскиот развој на правните норми и институции во однос на ова прашање (Magna Carta Libertatus, Habeas Corpus Act, Повелбата на ООН, Универзалната декларација за правата на човекот, Меѓународните пактови, Европската конвенција за правата на човекот, Европската социјална повелба, Европскиот суд за човекови права, Високиот комесаријат за човекови права и др.).

На проблематиката поврзани со етиката и политиката авторот посветил значајно место во скриптата, бидејќи денес современото новинарство во светот, а во тие рамки и македонското е под големо влијание на разни политички и бизнис центри на моќ. Исто така, авторот во овој дел се обидува на недвосмислен начин да прикаже позитивни примери на политичари кои генерално својата политика ја воделе врз етички принципи, отфрлајќи го макијевелистичкиот принцип на *целта ги оправдува средствата*.

Во теоретскиот дел од Скриптата авторот посветил соодветно место и на одредени етички форми, како што се: Биоетиката, Еколошката етика, Универзалната етика и Современите етички концепции.

На крајот од теоретскиот дел на скриптата авторот го насочува фокусот на вниманието кон професионалната етика, каде што тој го обработува прашањето за етичкиот кодекс на новинарите во Македонија, како и меѓународната декларација за правата и обврските на новинарите, а во тој контекст се задржува на саморегулацијата како важен сегмент на новинарската професија, давајќи компаративна анализа на неколку држави, вклучувајќи ја и Република Македонија.

**Вториот дел,** кој пред сè има практична димензија, започнува со професионалните стандарди на новинарската професија, кои се фундаментот на демократското, независното и професионалното новинарството. Во центарот на вниманието авторот ја поставува проблематиката на слободата на медиумите и изразувањето, како основен предуслов за остварување на слободна новинарска професија и креирање на демократска јавност. Во тие рамки, авторот посветува значајно место на основните професионални вредности на новинарската професија како што се: стручност и компетентност, вистина, објективност, слобода на критика, точност, непристрасност, чесност, чување на изворот на информација, почитување на приватноста, недискриминација, одбегнување на говор на омраза, правата, обврските и одговорноста на новинарот и медиумите (уредниците), цензура и автоцензура, политичката култура на медиумите и др.

Во продолжение, авторот се обидува да објасни врската помеѓу медиумите, бизнисот и профитот, фокусирајќи се на улогата на новинарот во тој поврзан систем на одговорности, со акцент на прикриеното рекламирање.

Несомнено, современото новинарство денес се соочува и со проблемот на заштитата на авторските права. Затоа, авторот посветува соодветно место и на овој проблем, бидејќи авторските права сè помалку се почитуваат од новинарите, заборавајќи да го цитираат изворот на информацијата.

Во продолжение, авторот се осврнува и на улогата на новинарот во заштитата на приватноста како свето индивидуално право на поединецот. Многу новинарски приказни се поврзани со приватниот живот на познати личности и семејства, заштитата на малолетните лица, лицата со посебни потреби, известување за самоубиства, несреќи и лични трагедии и др.

Во вториот дел, авторот посветува значајно место и за следните етички прашања и проблеми, како што се: новинарството и политиката, политичката непристрасност на новинарот, начинот на известување на новинарите за време на изборните процеси, заштитата на изворот на информација, говорот на омраза, декриминализација на клеветата, правото на одговор и исправка, презумпција на невиност, корупцијата и новинарството (истражувачко новинарство), известување за различностите, сензационализмот, сатанизацијата и медиумскиот линч, секундарната виктимизација, новинарските прогнози и шпекулации, известувањето за време на војна и меѓународна контрола на остварување на слободата на медиумите.

## З А К Л У Ч О К

Скриптата на авторот доц. д-р Андон Мајхошев е систематски и логички подредена на современ начин, каде што во двата посебни дела (теоретскиот и практичниот) се прикажани најважните етички поими и категории на новинарската етика како важна применета новинарска дисциплина.

Материјата е презентираната на еден јасен, студиозен, стручно методолошки начин, поради што студентите ќе можат оваа материја без тешкотија да ја совладаат. Сметаме дека овој труд ќе им овозможи на студентите да се стекнат со потребните знаења за оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност и затоа со големо задоволство препорачуваме да биде објавен.

Врз основа на горе изнесеното, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Штип ова учебно помагало (скрипта) со наслов „Новинарска етика" од доц. д-р Андон Мајхошев да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Сузана Џамтоска-Здравковска, с.р.**

**Доц. д-р Страшко Стојановски, с.р.**